**ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**<u>ПРЕДЛОГ</u>**

# ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЧЛЕНАРИНАТА ЗА 2009 ГОДИНА

Скопје, април 2009 год.

Врз основа на член 25, став 1, алинеја 8 од Статутот на Институтот за стандардизација на Република Македонија бр.07 – 124/2 од 11.02.2004 година, а во врска со член 5 од Правилникот за начинот за определување на висината и плаќањето на членарината бр.07 – 763/7 од 23.06.2004 година, Советот на Институтот за стандардизација на Република Македонија на X-та седница одржана на 10.04.2009 год. донесе:

# ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЧЛЕНАРИНАТА ЗА 2009 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се определува висината на финансиската единица за пресметка на членарината за претпријатијата и образовните институции, како и процентот од просечната месечна исплатена нето-плата во 2008 година во Република Македонија за пресметка на членарината за институтите-установите, здруженија на граѓани и физичките лица.

Член 2

Финансиската единица за пресметка на членарината за претпријатијата и образовните институции изнесува 220,00 МКД.

Член 3

Процентот од просечната месечна исплатена нето-плата во 2008 година во Република Македонија за пресметка на членарината за институтите-установите изнесува 15%.

Член 4

Процентот од просечната месечна исплатена нето-плата во 2008 година во Република Македонија за пресметка на членарината за здруженија на граѓани изнесува 10%.
Процентот од просечната месечна исплатена нето-плата во 2008 година во Република Македонија за пресметка на членарината за физичките лица изнесува 5%.

Член 5

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Скопје, Претседател на Совет на ИСРМ

___________________ Проф.Др. Константин Бахчеванџиев